# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН









**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

13 - 19 мај 2019 Билтен бр. 321

# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ СЕ ШАМПИОНИ ВО ФУТСАЛ

Со победата од 1:0 во натпреварот со учениците од Општина Гази Баба, учениците од Општина Карпош станаа футсалски шампиони во купот „Св. Георги“ во оваа 2019 година. Третото место им припадна на учениците од Општина Кисела Вода, кои ги победија своите врсници од Општина Центар со резултат 2:1.

Во понеделникот (13,05,2019), учениците од овие скопски општини играа полуфинални кошаркарски натпревари во спортската сала „Независна Македонија.Тимот од Карпош ќе игра против екипата од Центар, додека во другиот полуфинален натпревар ќе ги одмерат силите екипите од Гази Баба и Кисела Вода. Во текот на оваа седмица се одиграа и одбојкарски наптревари.



# ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА „ПОДАЈ РАКА- ДОНИРАЈ ЗА СВОЈОТ СОСЕД“




Од вторникот, 14. мај, до понеделник, 20. мај, Општина Карпош организира хуманитарна акција за семејствата во потешка материјална состојба. Акцијата се состои во прибирање на донации во прехранбени и хигиенски производи кои, потоа, ќе им бидат доделени на семејствата кои се во социјален ризик.

Ги повикуваме сите граѓани на Карпош, кои се во можност, да се придружат на оваа хуманитарна акција и да покажат што поголема солидарност со своите соседи.

Донираните производи треба да се однесат во просториите на 14-те урбани и месни заедници низ општината, во период од 07:30ч. до 15:30часот, секој ден, до петок.

Во акцијата подеднакво се вклучува и општинската администрација.



# КОШАРКАРСКА БРОНЗА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ



На овогодинешниот куп, организиран по повод „Деновите на Општина Кисела Вода", кошаркарите од Општина Карпош во натпреварот за трето место ги победија своите врсници од Кисела Вода со резултат од 52-30 и ја освоија „ бронзата".На кошаркарскиот трон се искачија основците од Општина Центар, кои во финалето ги победија противниците од Гази Баба со резултат од 61:35.

Во средата, во спортската сала „ Независна Македонија", во Општина Кисела Вода, продолжија натпреварувањата во одбојка. Во понеделникот, основците од Карпош, го освоија првото место во футсал на овогодинешниот куп.

# ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА „ПРАШКА“




Во тек е поставувањето на новата хоризонтална и вертикална сигнализација на ул. „Прашка“, во Тафталиџе 1.
Оваа улица ќе биде еднонасочна, со ЗОНА 30 (дозволена брзина на возење до 30 км/час), со цел да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Дополнително, ќе се постават нови платформи за забавување на сообраќајот („легнати полицајци“) пред воспитно - образовните установи во овој дел од Карпош (ООУ „Јан Амос Коменски“ и „НОВА“).

Новото сообраќајно решение е донација од Интернационалното училиште „НОВА“.









# СО ЕМОЦИОНАЛНО УЧЕЊЕ ДО ПОКВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ



Во посета на Општина Карпош беа ученици и наставници од проектот Еразмус+ „SWOT scouts“. Ученици и наставници од ООУ „Владо Тасевски“, заедно со претставниците од Италија, Шпанија и Хрватска, при што имаа можност да се запознаат со градоначалникот Стефан Богоев и да го претстават проектот на кој работат.

„SWOT scouts“ е проект кој работи на унапредување на емоционалната интелигенција кај учениците и наставниците. Сите вклучени страни учат за емоционална свест, самомотивација, сочувствување кон проблемите на другите, како и за размената на култури од различните држави.










Богоев пред присутните говореше за основното образование на Карпош, проектите кои локалната самоуправа ги презема за подобрување на условите во кои тоа се одвива, како и за севкупниот воспитно – образовниот процес.

-Покрај тековните интервенции, Општината инвестира и во разубавување на училишните дворови кои прераснуваат во спортско - рекреативни центри, со повеќе зеленило и простор за спортување. Исто така, се грижиме и за учениците со посебни потреби и отворивме сензорни соби во ООУ „Јан Амос Коменски“ и ООУ „Димо Хаџи Димов“, а се подготвува ваква просторија и за ООУ „Вера Циривири Трена“, рече Богоев.

На средбата се обрати и координаторката на проектот, м-р Виолета Панев која се осврна на базичните вредности на проектот, како и за идните фази на негова реализација.

Наставниците од Италија, Шпанија и Хрватска го истакнаа задоволството од работата на Општината на полето на образованието и детската заштита, затоа што се информирале за проекти кои навистина се корисни за карпошани, но и претставуваат добар пример и за другите чинители во општеството.




Со посетата на различните градови и држави учениците учат и за различните култури, споделуваат различни позитивни искуства и практики кои потоа ќе ги применат во своите училишта.



# МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ФЛЕШ ВЕСТИ ЗА ПОДОБРО ИНФОРМИРАЊЕ

Општина Карпош започнува со нов мултимедијален начин на комуникација насловен како „Флеш Вести“. Целта на ова информирање ќе биде да се направи пресек на реализираните проекти и активности во Општината на неделно ниво, но и да се најават новите проекти, планови и активности.

Всушност, некогашниот Неделен Е – Билтен кој Општината го подготвува се унапредува и добива на мултимедијалност. Содржините ќе бидат прилагодени за социјалните мрежи, веб порталите и другите медиуми, како и за публиката која постојано комуницира со локалната самоуправа.

Со „Флеш Вести“ ќе се подобри и двонасочната комуникација со граѓаните. Ќе постои поголема информираност за актуелните случувања во Општината, а ќе се спречи и ширењето на лажни вести.

Локалната самоуправа продолжува да ја унапредува двонасочната и директна комуникација со граѓаните, граѓанските организации и сите други засегнати страни.

# НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВАРШАВСКА

Завршува поставувањето на уличното осветлување на улицата Варшавска. Поставени се 15 столба и 16 LED светилки со цел да се обезбеди поголема прегледност помеѓу двете средни училишта. Новото улично осветлување е донација од милион денари од фирмата ELTRA DOEL- Скопје. Новите светилки ќе се воведадт во функција од почетокот на идната недела.







